A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)

(/default)

МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

## Извадок на дел од дневни настани 14.12.2019

На 14.12.2019 околу 1 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Полициска станица Гостивар ги лишиле од слобода Ф.Х.(31), Х.Н.(48) и 31-годишната Е.Н. од гостиварска Долна Бањица, затоа што при претрес извршен со судска наредба од 23 до 1 часот, во стан на улица „Никола Парапунов" во Гостивар, а кој под закуп го користел Ф.Х, пронајдени се 64 пакувања кокаин и дигитална вага. Тројцата се задржани во Полициската станица Гостивар и по целосното документирање на случајот ќе им биде изготвен соодветен поднесок.

На 13.12.2019 околу 14.30 часот полициски службеници на СВР Тетово на улица „Вонвардарска " во Тетово ги лишиле од слобода Ш.И.(31),Ј.Е.(31), С.Н.(25) од Тетово и Б.А.(24) од тетовско Седларево, затоа што при нивен и преглед на возилото „рено" со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезувале, била пронајдена марихуана. Четворицата се задржани во Полициската станица Тетово и против нив ќе следува содоветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје, Единица за имотни деликти и малолетничка деликвенција – Одделение за имотни деликти и малолетничка деликвенција „Чаир" ќе поднесе кривична пријава до ОЈО против Д.Е.(26), Д.А.(19) и С.Ј.(27) сите од Скопје поради постоење основи на сомнение дека извршиле едно кривично дело „разбојништво" согласно член 237 од Кривичниот законик.На 08.12.2019 околу 04.30 часот во Скопје, додека се превезувале во такси возило на ул.„Брсјачка буна" пријавените извршиле разбојништво врз К.Ц., возач на такси возилото со употреба на физичка сила и му одзеле пари и мобилен телефон.

На 14.12.2019 во 00.15 часот во населба Аеродром, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Д.Б.(33) и С.А(39) и двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена дрога. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.12.2019 во 01,40 часот пред угостителски објект на ул.„Пролет" во Скопје поради нарушување на јавниот ред и мир од слобода бил лишен Т.Т.(40) од Р.Бугарија, кој бил во алкохолизирана состојба. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициска станица Центар за понатамошна постапка.

На 14.12.2019 околу 01,45 на магистралниот пат Радовиш-Штип во близина на Бучимска кривина патничко моторно возило„ауди" со скопски регистарски ознаки, управувано од Г.П.(31) од Скопје, излетало од патот. По незгодата Г.П. со возило на итна медицинска помош бил пренесен во Комплекс клиники„Мајка Тереза", каде му се констатирани тешки телесни повреди.Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Радовиш.

На 13.12.2019 околу 18,10 часот на железничка пруга Велес-Кочани, на патен премин кај с.Лозово, се случила железничка незгода во која патничкиот воз кој сообраќал на релација Скопје-Кочани удрил во патничко моторно возило„голф" со скопски регистарски ознаки управувано од И.Б.(30) од с.Милино. Во незгодата со повреди се здобила И.Б. која била пренесена во Општата болница Велес, за укажување на лекарска помош.Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Штип.

На 13.12.2019 во 09.30 часот во Полициска станица Карпош, Т.Г.(45) од Скопје пријавил дека на ул.Ловќенска бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 13.12.2019 во 11.45 часот во Полициска станица Гази Баба, Б.М.(31) од Скопје пријавил дека на ул.Јужно Моравски бригади бил каснат од куче скитник во пределот на десната нога.

На 14.12.2019 во 02,20 часот на обиколницата на град Скопје во близина на клучка „Стајковци" се случила сообраќајна незгода во која патничко моторно возило„опел корса" со тетовски регистарски ознаки, управувано од М.С.(34) од с.Долно Палчиште,

тетовско изгубило контрола и удрило во металната ограда и канделабра. Од ударот канделабрата паднала на коловозот од обиколницата од спротивната насока и во тој момент патничко моторно возило„мерцедес МЛ320" со гостиварски регистарски ознаки управувано од П.Т.(49) од с.Врапчиште,гостиварско и патничко моторно возило„фолксваген поло" со скопски регистарски ознаки управувано од Р.Ј.(48) од Скопје удриле во металната канделабра. По незгодата, М.С. била пренесена во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде и биле констатирани тешки телесни повреди.Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 13.12.2019 во 20,40 часот во СВР Скопје, Љ.К.(62) од Скопје, пријавил дека околу 19,50 часот во фирма на ул. Лазар Личеновски додека бил на своето работно место бил физички нападнат од М.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.12.2019 во 02.25 часот во СВР Скопје, В.М.(23) од Прилеп, пријавил дека околу 02.20 часот пред угостителски објект на ул.Анастас Митрев бил физички нападнат од Ч.М.(32) од Скопје. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.12.2019 во Кочани полициски службеници од Полициска станица Кочани го лишиле од слобода С.Ј. од с. Чешиново поради постоење на основано сомнение дека сторил кривични дела „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем" преку објавување преку интернет на текст и фотографии кои содржат говор на омраза. На 14.12.2019 за истото кривично дело е приведен и Д.А. (36) од с. Облешево. По документирање на случаите ќе следат содветни поднесоци до надлежното обвинителство.

На.13.12.2019 во 23,50 часот во СВР Скопје, В.И.(19) од с. Раштак,скопско пријавил дека околу 23,45 часот во угостителски објект на ул. Јужноморавски бригади, заедно со 17 годишен малолетник од с. Раштак биле физички нападнати од В.А.(18) и А.Р.(20) и двајцата од Скопје.Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл. 12 од ЗПП ЈРМ.

На 14.12.2019 во 01,00 часот на автопатот Табановце-Скопје, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода Ј.И.А.Г.(39), А.П.М.(36) и Л.А.Р.Л.(25), сите од Шпанија бидејќи не поседувале соодветни документи за идентификација.Тие биле предадени на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 13.12.2019 во 17,00 часот во СВР Скопје, А.Г.(35) од Скопје пријавил дека околу 03,00 часот во близина на угостителски објект на ул.Горно Лисиче бил физички нападнат од Н.С.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.12.2019 во 19.00 часот во СВР Скопје, Ф.Љ.(58) од Скопје пријавил дека околу 17.20 часот во училиште на ул. Костурска бил физички нападнат неговиот 17 годишен син од 16 годишен малолетник од Скопје.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.12.2019 во 16,25 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Ѓорче Петров", В.П. од Скопје го нарушил јавниот ред и мир со агресивно однесување кон полициски службеници. Против В.П. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.12.2019 во СВР Скопје било пријавено дека во временскиот период од 00,05 часот до 00,10 часот пред угостителски објект во Долно Блаце биле испукани неколку истрели. Полициски службеници од Полициска станица„Долно Блаце" излегле на местото на настанот и на паркинг просторот во близина на угостителски објект пронашле чаури од пиштол. Повредени лица нема. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.12.2019 во 18.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг пред трговски центар на бул.Кузман Јосифовски Питу поради претходно недоразбирање бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.А.(21) од Скопје и 17 годишна

малолетничка од Скопје.Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл. 11 од ЗППЈРМ.

На 13.12.2019 во 19,30 ч. во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на бул.„Климент Охридски‟, едно лице со закана од вработените одзел пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.12.2019 во 20,40 часот во СВР Скопје, Љ.К.(62) од Скопје, пријавил дека околу 19,50 часот во фирма на ул. Лазар Личеновски додека бил на своето работно место бил физички нападнат од М.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.12.2019 во 02.25 часот во СВР Скопје, В.М.(23) од Прилеп, пријавил дека околу 02.20 часот пред угостителски објект на ул.Анастас Митрев бил физички нападнат од Ч.М.(32) од Скопје. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.12.2019 во Кочани полициски службеници од Полициска станица Кочани го лишиле од слобода С.Ј. од с. Чешиново поради постоење на основано сомнение дека сторил кривични дела „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем‟ преку објавување преку интернет на текст и фотографии кои содржат говор на омраза. На 14.12.2019 за истото кривично дело е приведен и Д.А. (36) од с. Облешево. По документирање на случаите ќе следат содветни поднесоци до надлежното обвинителство.

На.13.12.2019 во 23,50 часот во СВР Скопје, В.И.(19) од с. Раштак,скопско пријавил дека околу 23,45 часот во угостителски објект на ул. Јужноморавски бригади, заедно со 17 годишен малолетник од с. Раштак биле физички нападнати од В.А.(18) и А.Р.(20) и двајцата од Скопје.Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл. 12 од ЗПП ЈРМ.

На 14.12.2019 во 01,00 часот на автопатот Табановце-Скопје, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода Ј.И.А.Г.(39), А.П.М.(36) и Л.А.Р.Л.(25), сите од Шпанија бидејќи не поседувале соодветни документи за идентификација.Тие биле предадени на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 13.12.2019 во 17,00 часот во СВР Скопје, А.Г.(35) од Скопје пријавил дека околу 03,00 часот во близина на угостителски објект на ул.Горно Лисиче бил физички нападнат од Н.С.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.12.2019 во 19.00 часот во СВР Скопје, Ф.Љ.(58) од Скопје пријавил дека околу 17.20 часот во училиште на ул. Костурска бил физички нападнат неговиот 17 годишен син од 16 годишен малолетник од Скопје.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.12.2019 во 16,25 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Ѓорче Петров‟, В.П. од Скопје го нарушил јавниот ред и мир со агресивно однесување кон полициски службеници. Против В.П. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.12.2019 во СВР Скопје било пријавено дека во временскиот период од 00,05 часот до 00,10 часот пред угостителски објект во Долно Блаце биле испукани неколку истрели. Полициски службеници од Полициска станица„Долно Блаце‟ излегле на местото на настанот и на паркинг просторот во близина на угостителски објект пронашле чаури од пиштол. Повредени лица нема. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.12.2019 во 18.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг пред трговски центар на бул.Кузман Јосифовски Питу поради претходно недоразбирање бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.А.(21) од Скопје и 17 годишна малолетничка од Скопје.Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл. 11 од ЗППЈРМ.

На 13.12.2019 во 19,30 ч. во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на бул.„Климент Охридски", едно лице со закана од вработените одзел пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.


МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија



Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk



Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)